Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

## ВО 2016 КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПОЛЕКА СЕ БУДИ СВЕСТА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, но сè уште не е на задоволително ниво



## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ и во 2016 година продолжува да го ОГРАНИЧУВА правото на пристап до информации од јавен карактер.

## Здравствените домови: Берово, Гевгелија, Неготино и Пробиштип се реактивно НАЈНЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ за 2016 година.

**1.** На листата на **најтранспарентни институции** за 2016 година **се бележат следните институции:** Институтот за јавно здравје; Завод за рехабилитација на слух говор и глас; Клиниката за детски болести; Општата болница Струмица; Специјалната болница по гинекологија и акушерство - Чаир; центрите за јавно здравје во Штип, Тетово, Струмица, Скопје, Прилеп, Охрид, Куманово, Кочани и Велес; здравствените домови во Штип, Струмица, Струга, с. Ростуше, Ресен, Охрид, Куманово, Кратово, Пехчево, Кочани, Кичево, Дебар, Демир Хисар, Виница, Велес, Вевчани и Битола.

**2. Делумно транспарентни институции** во 2016 година се:
Медицински факултет - Центар за семејна медицина; Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство; Министерство за финансии; Министерство за здравство; Министерство за труд и социјална политика; Центарот за јавно здравје Битола и здравствените домови во: Скопје, Гостивар, Делчево, Кавадарци, Крива Паланка, Крушево, Македонски Брод, Прилеп, Радовиш, Свети Николе и Тетово [1].

**3.** Листата пак на **реактивно нетранспарентни институции** за 2016 година е **значително пократка** во однос на 2015 година, односно, во 2016 година на оваа листа се само четири институции и тоа следните здравствени домови: Берово, Гевгелија, Неготино и Пробиштип (во 2015 година имаше шеснаесет целосно нетранспарентни институции).

На **87 % од вкупно поднесените барања** за пристап до информации од јавен карактер **добиен е одговор во редовна постапка;** на **9 %** институциите **одговориле во жалбена постапка** (Министерство за здравство и здравствените домови: Берово, Гевгелија, Дебар, Пробиштип и Тетово), додека пак на **4 %** од поднесените барања, институциите **одбиле да одговорат** (Министерство за финансии и Спортскиот центар „Борис Трајковски").

Двете институции кои **не доставиле одговор** согласно доставеното **барање и обврската** да постапат по него, имаат сосема различен пристап во начинот на кој **одбегнуваат да одговорат** на барањето за пристап до информации од јавен карактер. Имено, Министерството за финансии наместо конкретен одговор, **УПАТУВА на нивната интернет-страница** каде бараните информации не се објавени (види прилог 1), додека Спортскиот центар „Борис Трајковски", **ОДБИВА** да одговори, со образложение дека бараните податоци се деловна тајна (види прилог 2).

## НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО 2016 НАСПРОТИ 2015 ГОДИНА



### *I. Напредок во нивото на реактивна транспаренстност*

**Напредок** во нивото на транспарентност за 2016 година во однос на 2015 година се бележи кај **вкупно шеснаесет институции**, при што шест од нив од нетранспарентни преминале во категоријата на транспарентни институции; седум преминале од категоријата на делумно транспарентни во категоријата на транспарентни институции и шест институции преминале од категоријата на нетранспарентни во категоријата на делумно транспарентни институции. Односно:

- **Премин од нетранспарентни во категоријата на транспарентни институции се бележи кај** Здравствен дом Охрид и центрите за јавно здравје во Велес, Кочани, Куманово, Прилеп и во Штип. Напредокот кај овие институции во однос на 2015 година се должи на унапредување на бројот на добиени одговори во редовна постапка и просечениот број на денови на добивање одговор сметано од денот на неговото поднесување.

[1] Делумната транспарентност кај најголем дел од институциите се должи на влијанието на еден од петте параметри на кои се темели анализата за реактивна транспарентност, кој се однесува на просечниот период на доставување на одговор на поставените барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка.

- **Премин од делумно транспарентни институции во категоријата на транспарентни институции се бележи кај** Центарот за јавно здравје Охрид и здравствените домови: Кичево, Велес, Демир Хисар, Дебар, Кратово. Напредокот кај овие институции се должи на унапредување на следните параметри: бројот на добиени одговори во редовна постапка, просечниот број на денови на добивање одговор сметано од денот на неговото поднесување и бројот на барања по кои институциите молчеле.
- **Премин од нетранспарентни во делумно транспарентни институции се бележи кај** Министерство за здравство, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и здравствените домови во: Гостивар, Делчево, Кавадарци и Радовиш. Напредокот кај овие институции се должи на унапредување на: бројот на добиени одговори во редовна постапка, просечниот број на денови на добивање одговор сметано од денот на неговото поднесување и бројот на барања по кои институциите молчеле.

### *II. Уназадување во нивото на реактивната транспарентност*

Но и покрај напредокот, **кај три јавни институции во 2016 година е идентификуван тренд на значително уназадување во однос на 2015 година.** Ваков тренд е забележан кај здравствените домови во: Берово, Гевгелија и Пробиштип, кои од категоријата на транспарентни во 2016 година, преминале во категоријата на нетранспарентни институции.

### *III. Нема промени во нивото на реактивна транспарентност*

**Кај четири јавни институции не е забележан никаков напредок,** односно овие институции и во 2016 година остануваат во категоријата на делумно транспарентни. Во оваа група на институции се вбројуваат здравствените домови: Крива Паланка, Крушево, Македонски Брод и Свети Николе.

### МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНКА НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Погоре презентираните податоци се резултат на спроведената анализа на постапките за пристап до информации од јавен карактер за 2016 година, и резултат на нивната споредба во однос на резултатите добиени со анализата во 2015 година. Оваа анализа има за цел да даде **појасна слика и подобра претстава** за нивото на реактивна транспарентност на институциите од јавниот и од здравствениот сектор, не само за тековната година туку и за трендот на движење на скалата на транспарентност кој секоја институција посебно го бележи во однос на изминатите години.

Анализата врз која се темелат погоре презентираните резулатати е направена врз **оценка на пет параметри** и тоа:

- *број на добиени одговори во редовна постапка;*
- *број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;*
- *број на одбиени барања или запрени постапки;*
- *број на барања по кои институциите молчеле;*
- *просечен период на добивање на одговор на доставените барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и во жалбена постапка.*

Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите. Добиените проценти се претвораат во оценка/боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка, каде: 0 - нетранспарентен / црвено; 1 - делумно транспарентен / жолто и 2 транспарентен / зелено.

Оценката за секоја институција претставува оценка добиена како просек од поединечните оценки на параметрите наведени погоре.




[1] За потребите на анализата беа испратени **713 барања** до вкупно 54 јавни институции преку кои беа барани податоци и документи за програмското и буџетското работење на институциите, како: Министерство за финансии, Министерство за здравство, Институтот за јавно здравје, здравствени домови, центри за јавно здравје, општи болници итн.

# РАНГ-ЛИСТА НА ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ И ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ОД АСПЕКТ НА НИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНОСТ

| НЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| Здравствен дом Берово | ★ |
| Здравствен дом Гевгелија | ★ |
| Здравствен дом Неготино | ★ |
| Здравствен дом Пробиштип | ★ |

| ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| Здравствен дом Гостивар | ★ |
| Здравствен дом Делчево | ★ |
| Здравствен дом Кавадарци | ★ |
| Здравствен дом Крива Паланка | ★ |
| Здравствен дом Крушево | ★ |
| Здравствен дом Македонски Брод | ★ |
| Здравствен дом Прилеп | ★ |
| Здравствен дом Радовиш | ★ |
| Здравствен дом Свети Николе | ★ |
| Здравствен дом Скопје | ★ |
| Здравствен дом Тетово | ★ |
| Министерство за здравство | ★ |
| Министерство за финансии | ★ |
| Центар за јавно здравје Битола | ★ |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ |
| Завод за здравствена заштита на мајки и деца | ★ |
| Медицински факултет - Центар за семејна медицина | ★ |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ |

| ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| Здравствен дом Битола | ★ |
| Здравствен дом Вевчани | ★ |
| Здравствен дом Велес | ★ |
| Здравствен дом Виница | ★ |
| Здравствен дом Демир Хисар | ★ |
| Здравствен дом Дебар | ★ |
| Здравствен дом Кичево | ★ |
| Здравствен дом Кочани | ★ |
| Здравствен дом Пехчево | ★ |
| Здравствен дом Кратово | ★ |
| Здравствен дом Куманово | ★ |
| Здравствен дом Охрид | ★ |
| Здравствен дом Ресен | ★ |
| Здравствен дом с. Ростуше | ★ |
| Здравствен дом Струга | ★ |
| Здравствен дом Струмица | ★ |
| Здравствен дом Штип | ★ |
| Општа Болница Струмица | ★ |
| Центар за јавно здравје Велес | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ |
| Центар за јавно здравје Куманово | ★ |
| Центар за јавно здравје Охрид | ★ |
| Центар за јавно здравје Прилеп | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ |
| Центар за јавно здравје Струмица | ★ |
| Центар за јавно здравје Тетово | ★ |
| Центар за јавно здравје Штип | ★ |
| Спортски центар „Борис Трајковски" | ★ |
| Специјална болница за гинекологија и акушерство Чаир | ★ |
| Клиника за детски болести | ★ |
| Завод за рехабилитација на слух, говор, глас | ★ |
| Институт за јавно здравје | ★ |

# РАНГ-ЛИСТА НА ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ И ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ОД АСПЕКТ НА НИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНОСТ СПОРЕД ПОЕДИНЕЧНИ ПАРАМЕТРИ ЗА ОЦЕНКА

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈА | Број на барања на кои е добиен одговор по редовна постапка | Број на барања на кои е добиен некомплетен одговор | Број на одбиени барања/ запрени постапки | Број на барања на кои институциите молчеле | Просечен број на денови на добивање на одговорот, сметано од денот на неговото поднесување |
|---|---|---|---|---|---|
| Здравствен дом Берово | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Битола | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Вевчани | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Велес | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Виница | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Гевгелија | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Гостивар | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) |
| Здравствен дом Демир Хисар | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Дебар | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Делчево | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Кавадарци | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Неготино | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Кичево | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Кочани | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Пехчево | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Кратово | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Крива Паланка | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Крушево | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Куманово | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Македонски Брод | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Охрид | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Прилеп | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Пробиштип | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Радовиш | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Ресен | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом с. Ростуше | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Свети Николе | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Струга | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Струмица | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Здравствен дом Тетово | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) |
| Здравствен дом Штип | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (yellow) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (green) |
| Министерство за здравство | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (yellow) |
| Министерство за финансии | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Општа болница Струмица | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Специјална Болница за гинекологија и акушерство Чаир | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Битола | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Велес | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Куманово | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Охрид | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Прилеп | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Струмица | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Тетово | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Штип | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Завод за заштита на мајки и деца | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Спортски центар „Борис Трајковски“ | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Клиника за детски болести | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Завод за рехабилитација на слух, говор, глас | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Медицински факултет – Центар за семејна медицина | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Институт за јавно здравје | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Управа за јавни приходи | | | | | |

Република Македонија
**Министерство за финансии**

# Прилог 1

[redacted]

ДО
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија –ЕСЕ
Ул.Максим Горки бр.20/1-4
Скопје

Бр. 03-2607/4
Скопје 19-05-2016 година
Министерство за финансии
ул. Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:3255-620
Факс
Е-маил:marija.mitevska@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Доставување на одговор по барање
Врска: Ваш предмет: 0801-919/16-1;0801-919/16-2;0801-919/16-3;0801-919/16-4;0801-919/16-5;0801-919/16-6;0801-919/16-7;0801-919/16-8;0801-919/16-9;0801-919/16-10;0801-919/16-11;0801-919/16-12;0801-919/16-13;0801-919/16-14;0801-919/16-15;0801-919/16-16;0801-919/16-17;0801-919/16-18;0801-919/16-19;0801-919/16-20;0801-919/16-21;0801-919/16-22;0801-919/16-23;0801-919/16-24;0801-919/16-25;

Почитувани,

Во врска со Вашите барања за пристап до информација од јавен карактер под горенаведените броеви и датуми, Ве известуваме за следното:

Имајќи ја предвид содржината на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно дека со секој предмет се бара информација колку јавни приходи се наплатени на одредено приходно конто, упатуваме дека податоците може да се обезбедат од Завршните сметки на Буџетот на Република Македонија за 2011, 2012, 2013 и 2014 година кои Министерство за финансии ги има објавено на својата веб страница на следниот линк:

-http://www.finance.gov.mk/mk/node/575.

Во однос на податоците за наплатени јавни приходи за 2015 година, напоменуваме дека Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2015 година е во процедура и истите ќе можат да се обезбедат по нејзино објавување на веб страницата на Министерството за финансии.

Со почит,

Службено лице за посредување со информации
Михајло Михајловски

Изработил:Марија Митевска

Прилог 2



Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 03-289/6
28.04 2016 год.

info@scboristrajkovski.gov.mk | www.scboristrajkovski.gov.mk

Врз основа на член 17 и 18 од Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст) заведена под бр. 42-304/4 од 02.02.2016 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата – Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р.Македонија со седиште на ул. Максим Горки бр.20/1-4 во Скопје (заведено со арх.бр. 03-289/1 од 06.04.2016 година) согласно член 20 став 2 и член 26 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014 и 148/2015) на 27.04.2016 година, управителот М-р Златко Перински го донесе следното :

**РЕШЕНИЕ**

**ВО ЦЕЛОСТ СЕ ОДБИВА Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата –** Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р.Македонија (заведено со арх.бр. 03-289/1 од 06.04.2016 година) **.**

**Образложение**

На ден 06.04.2016 година – Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р.Македонија со Барање за пристап до информации од јавен карактер (заведено со арх.бр. 03-289/1 од 06.04.2016 година во архивата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје) ја побара следната информација од јавен карактер:

**„копија од сите извештаи кои Центарот ги има доставено до Министерството за здравство во прилог на фактурата за извршени услуги по Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во текот на 2015 година„**

со форма во која се бара информацијата: препис и на начин на доставување на информацијата: по пошта.

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје го разгледа поднесеното барање на барателот и врз основа на утврдената фактичка состојба одлучи истото во целост да го одбие, поради следното:

Побараната информација од јавен карактер, согласно член 2 став 1 алинеја 2 и 6 и член 6 став 2 алинеја 3 од Правилникот за видот на документите и податоците кои се сметаат за **деловна тајна на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје** (арх.бр. 4/756-3708 од 10.12.2014 година) претставува деловна тајна при што „Деловна тајна на документите и податоците на Друштвото преставуваат: деловните информации кои спаѓаат во дејноста на работодавачот и значат или би можеле да значат конкуренција на работодавачот (материјали, информации и податоци што се сметаат за деловна тајна и се од значење на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје) како : **документи и податоци за материјално-финансиското работење и состојбата на имотот на друштвото и податоци за нашите клиенти (по основ на договор за деловно техничка соработка) односно што е предмет на деловно техничката соработка .„**

Согласно член 6 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014 и 148/2015) имателите на

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
ул. 8 Септември бр.13, Скопје, Р. Македонија
телефон +389 2 3089-600 факс +389 2 3089-667

Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА